ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ

НОВУС

# ДВОГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ - НОВУС“ СТРУМИЦА

## ЗА

## 2020-2022

Струмица 2020

**СОДРЖИНА:**


- ВОВЕД
- ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДВОГОДИШНИОТ ПЛАН И ПРОГРАМА.
- ШТО РАБОТИ И КАКО ДЕЛУВА ЗГ ЦИА НОВУС СТРУМИЦА
- ОРГАНИЗАЦИСКА И УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА
- ВИЗИЈА, МИСИЈА И ЦЕЛИ
- ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИ, ГЕОГРАФСКИ ОПФАТ, ЦЕЛНИ ГРУПИ, ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА
- СТРАТЕШКИ И КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ НА ЗГ ЦИА НОВУС СТРУМИЦА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2020-2022
    - Цел 1. Институционално и програмско зајакнење на НОВУС Струмица;
    - Цел 2. Зголемување на кредибилитетот и довербата на јавноста во ЦИА НОВУС, како и во целокупниот граѓанскиот сектор како фактор и коректив на властите;
    - Цел 3. Зголемување на кредибилитетот и довербата помеѓу ЦИА НОВУС и целокупниот граѓанскот сектор, институциите и останатите релевантни општествени чинители како партнери;
    - Цел 4. Зголемување на нивото на партиципативно учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање и имплементирање на политиките на властите и во таа насока донесувањето на одлуките;
    - Цел 5. Зголемувањето на граѓанската солидарност во рамките на вмрежувањето на граѓанскиот сектор во процесот на унапредување на квалитетот на живот на граѓаните и во таа насока борба против говорот на омраза и корупцијата;
    - Цел 6. Унапредување на демократските процеси на локално и национално ниво во рамките на промоцијата, застапувањето и лобирањето согласно потребите и приоритетите на граѓаните
- АКТИВНОСТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ
- ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ, ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДВОГОДИШНИОТ СТРАТЕШКИ ПЛАН
- SWOT АНАЛИЗА НА ЗГ ЦИА НОВУС СТРУМИЦА

# Вовед:

Овој документ  ги содржи визијата, мисијата, основната цел, Стратешките цели и во нив специфичните цели, активностите и очекуваните резултати во рамките на определена временска рамка за 2020, 2021 и 2022 година и начинот на финансирање. Истиот ќе претставува основен водич за работата на членството и на избраните раководни лица во  органите и телата на Здружението на граѓани „Центар за истражувања и анализи НОВУС“ од Струмица за    претстојниот двогодишен период.
Основна стратешка цел на која ќе се концентрираме во нашата работа  во овој период е Здружението да се зајакне  на сите нивоа, да стане препознатлива организација кај младите како силен и препознатлив фактор во граѓанскиот сектор како на локално така и на национално ниво и да се етаблира како  сериозен корeктив на локалните и националните власти во процесот на градење на демократско општество, општество со еднакви можности за сите. Општество во кое ќе се почитуваат човековите права и слободи на секој граѓанин.

Со исполнувањето на шесте столба или главни стратешки
цели за:

- Институционално и програмско зајакнење на НОВУС  Струмица;

- Зголемување на кредибилитетот и довербата на јавноста во ЦИА НОВУС, како и во целокупниот  граѓанскиот сектор како фактор и корeктив на властите;

- Зголемување на кредибилитетот и довербата помеѓу ЦИА НОВУС и целокупниот граѓанскот сектор, институциите и останатите релевантни општествени чинители како партнери;

- Зголемување на нивото на партиципативно учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање и имплементирање на политиките на властите и во таа насока донесувањето на одлуките;

- Зголемувањето на граѓанската солидарност во рамките на вмрежувањето на граѓанскиот сектор  во процесот на унапредување на квалитетот на живот на граѓаните и во таа насока борба против говорот на омраза и корупцијата;

- Унапредување на демократските процеси на локално и национално ниво во рамките на промоцијата, застапувањето и лобирањето согласно потребите и приоритетите на граѓаните,

и  во нивни рамки исполнувањето на утврдените  специфични цели и активности кои произлегуваат од шесте столба.

Здружението на граѓани ЦИА НОВУС од Струмица со своето искуство, посветеност, професионалност и иновативност, водејќи се од основните вредности и принципи во овој двогодишен период ќе се стреми во целост да ги реализира планираните активности заради исполнување на очекуваните резултати за да во иднина како силно, самостојно и независно здружение, поединечно и како дел од целокупниот граѓански сектор ќе придонесе да го зацврсти својот кредибилитет и кредибилитетот на целокупниот граѓански сектор во локалната заедница и во државата.
Темелите на здружението „НОВУС" се помагање, решавање и справување со социјалните и економските проблеми на ранливите општествени групи, преку идентификување и развивање на чуство на солидарност и помагање на овие групи.

## Опис на процесот на донесување на двогодишниот план и програма

Процесот на стратешко планирање на Здружението на граѓани ЦИА НОВУС од Струмица беше спроведен во периодот Јули – Август 2020 година во рамките на планираните активности како дел од проектот „Силни и гласни млади – Здрава и перспективна заедница" како дел од „Проектот за младинско изразување" на Младински образовен форум кој го спроведува во партнерство со Младински сојуз – Крушево и Центар за балканска соработка Лоја, а е финансиран од IPA Civil Society Facility на Европската Унија.

Истиот беше раководен од страна на членовите на ИО и другите членови на здружението, а работата беше координирана со логистичка и експертска поддршка со долгогодишно искуство за раководење со процес на стратешко планирање од надвор.
Процесот на подготовка се состоеше од анализа на моменталната состојба, како и на потребите и плановите на здружението.

# Што работи и како делува ЗГ ЦИА НОВУС Струмица

## Кои сме ние?

Здружението на граѓани ЦИА НОВУС од Струмица е доброволна, непрофитна, граѓанска организација, формирана во 2013 година. Работиме во полето на млади, неформална едукација, човекови права, социо-економски развој на заедницата како и промовирање на отчетно и транспарентно работење на институциите.

## Што сакаме да постигнеме / Која е нашата главна цел?

Нашата цел е подобрување и зголемување на капацитетот кај младите како и подобрување на нивните компетенции и вештини преку нивен ангажман и инволвирање во граѓански активизам и волонтерство како и подобрување на целокупната социо економската состојба на граѓаните во заедницата.

## Зошто сакаме  да го постигнеме тоа?

Активностите и проектите кои ги спроведва ЦИА НОВУС од Струмица има за цел да постигне поголема вклученост на граѓаните и младите во креирање на општествени политики со крајна цел развиена социо-економска положба на граѓаните.

## За кого сакаме да го постигнеме тоа?

Нашата примарна таргет група се младите од Струмица и Струмичкиот микро регион со секундарниот таргет пошироката популација од овој регион.

## Како ја постигнуваме нашата цел?

Спроведуваме активности и проекти преку кои се промовираат граѓански активизам и волонтерски акции, истражувања и утврдување и мапирање на проблеми со цел изнаоѓање активности кои би резултирале со решавање на мапираните проблеми.

## Каде делуваме?

Нашите активности се примарно фокусирани на Срумица и Струмичкиот микро регион.

# Организациска и управувачка структура

Највисоко управно тело на Здружението на граѓани Центар за истражување и анализи НОВУС Струмица е Собранието, кое го сочинуваат сите членови. Собранието избира Извршен одбор и Надзорен одбор , раководен од претседател.
Управниот/ Надзорниот одбор по потреба формира работни тела/комисии.
За административно - техничките работи на ЗЃ ЦИА НОВУС Струмица, се грижи извршна канцеларија (ИК) предводена од извршен директор.



# Визија, Мисија и Цели

## Која е нашата мисија?

Нашата мисија е зајакнување на социо-еконосмската состојба на граѓаните во Струмица и Струмичкиот микро регион преку спроведување на анализи, истражувања и активности со цел подобрување и зголемување на компетенциите, вештините и капацитетите кај младите, а со тоа и зајакнување и поттикнување на нивниот граѓански активизам и волонтерство во заедницата.

## Нашата визија

Здружението на граѓани ЦИА НОВУС од Струмица да биде силно здружение со мотивирички, посветен и иновативен тим на млади луѓе со бројно членство со силно изградени капацитети, вмрежени и етаблирани во граѓанскиот сектор на локално и национално ниво и во таа насока силно препознатливи како значаен коректив на властите во процесот на градење на демократско општество, општество со еднакви можности за сите!

## Нашите општи цели

- Институционално зајакнување на здружението
- Зголемување на интелектуалниот капацитет кај младите преку серијал од обуки
- Зајакнување на капцитетите на граѓанските организации на локално ниво во контекст на засилено заедничко делување и влијание врз политиките на локално и национално ниво
- Интегрирање и социјализирање на маргинализираните групи млади во општеството и општествените процеси
- Мапирање и идентификување на социални и економски предизвици кај граѓаните и нивно решавање преку спроведени истражувања и анализи
- Стимулирање на можности за волонтерство и практиканство кај младите од Југоисточниот плански регион
- Поддржување на младите од страна на бизнис секторот со цел нивен развој
- Спроведување анализи и истражување за потребите на младите од областа на младинските прашања и нивна информираност
- Афирмација на основните човекови слободи и права
- Зголемување на мобилноста на младите

# Вредности и принци, географски опфат, целни групи, партнерства и соработка

## Вредности и принципи

- Независност
- Стручност и професионалност
- Јавност
- Транспарентност
- Отчетност
- Етичност
- Застапување на членството

## Географски опфат

- Општина Струмица
- Струмички микрорегион
- Југоисточен плански регион
- Национално ниво
- Интернационално ниво

## Целни групи

- Граѓани и групи на граѓани
- Млади и други секундарни групи
- Граѓански организации
- Локални и Државни јавни институции
- Бизнис заедница
- Образовни институции и други релевантни чинители
- Меѓународна заедница

## Партнерства и соработка

- Граѓански организации
- Образовни институции
- Локална самоуправа (ЕЛС)
- Влада на РСМ
- Институти за истражување
- Релевантни Министерства
- Медиуми
- Амбасади во Република Северна Македонија
- Домашни и странски фондации
- Меѓународни институции, фондации и здруженија на граѓани

# Стратешките цели и конкретни цели цели на здружението на граѓани „Центар за истражувања и анализи НОВУС“ Струмица за периодот од 2020-2022 година

**Цел1:Институционално и програмско јакнење на НОВУС  Струмица.**

*1.1. Внатрешна реорганизација и трансформација на Здружение на граѓани Центар за истражување и анализи НОВУС Струмица*

1.1.1. Формирање на органи и тела
1.1.2. Проширување на тимот за имплементација
1.1.3. Зголемување на бројот на членови и волонтери

*1.2. Селекција на нови членови преку утврдени критериуми и пополнување на апликаци.*

1.2.1. Креирање на on line платформа за апликации за членство во организацијата
1.2.2.  Анализа на апликациите и утврдување на членството

*1.3. Изготвување на потребни Стратешки документи*

1.3.1. Спроведување на процес за креирање на дополнителни стратешки документи (комуникациска стратегија и етички кодекс)
1.3.2. Јавна објава на стратешките документи на веб страната на здружението www.associationnovus.org

*1.4. Обуки за јакнење на капацитети на раководните лица, членовите и волонтерите на здружението и утврдување на права и обврски*

1.4.1. Организрање на обука за јакнење на интерните капацитети на расположивиот човечки ресурс на здружението со логистика од стручни и компетентни лица
1.4.2. Организирање обуки на нови млади членови и волонтери за јакнење на нивните капацитети за проектен менаџмент како и поддшка на активности и иницијативи на млади на локално ниво.
1.4.3. Организирање наменски обуки за работните тимови, членството и волонтерите во Здружението по барање на иститe со цел зголемување на нивните вештини и компетенции.

**Цел 2. Зголемување на кредибилитетот и довербата на јавноста во ЗГ ЦИА НОВУС и целокупниот граѓански сектор како фактор и коректив на властите**

*2.1. Зголемено присуство на Здружението и целокупниот граѓанскиот сектор на локалните медиуми и портали*

2.1.1. Создавање можности во медиумскиот простор за гостување на граѓанските организации од сите сфери на делување

*2.2. Раздвижување на Граѓанскиот сектор на локално ниво*

2.2.1. Создавање на можности и услови за средби и состаноци помеѓу граѓанскиот сектор на месечно и квартално ниво

**Цел 3. Зголемување на кредибилитетот и меѓусебната довербата, помеѓу ЗГ ЦИА НОВУС Струмица, целокупниот граѓанскот сектор, институциите и останатите релевантни општествени чинители.**

*3.1. Зајакнување на постоечките партнерствата и градење на нови партнерства*

3.1.1. Создавање на услови и мотивација за потпишување на меморандуми за соработка на сите нивоа помеѓу граѓанскиот сектор и останатите чинители

*3.2. Подигнување на нивото на промоција на заедничката соработка во контекст на партнерствата*

3.2.1. Кампања за јавна промоција на партнерствата
3.2.2. Истражувачко аналитички активности за утврдување на нивото на соработка

*3.3. Иницирање партнерства и вклучување во младински мрежи на национално и Европско ниво.*

3.3.1 Учество и вмрежување во поголеми национални мрежи на граѓански организации кои работат со млади како и останати граѓански организации и склучување меморандуми за соработка.
3.3.2 Учество во активности и вмрежување и воспоставување соработка со младински и останати граѓански организации на меѓународно ниво.

**Цел 4. Зголемување на нивото на партиципативно учество на ЗГ ЦИА НОВУС Струмица и целокупниот граѓански сектор во процесот на креирање и имплементирање на политиките на властите и во таа насока донесувањето на одлуки**

*4.1. Мотивација на граѓанскиот сектор за вклучување во креирањето и имплементирањето на локалните младински и останати политики.*

4.1.1. Истражувачко аналитички активности за утврдување на нивото на партиципативност на граѓанскиот сектор во процесот на креирање и имплементирање на политиките на властите.

*4.2. Развој и унапредување на проактивна комуникација помеѓу ЗГ ЦИА НОВУС Струмица, граѓанскиот сектор ,властите и останатите општествени чинители.*

4.2.1. Организирање на дебати и тркалезни маси со учество на сите засегнати страни.

**Цел 5. Зголемувањето на граѓанската солидарност во рамките на вмрежувањето на граѓанскиот сектор во процесот на унапредување на квалитетот на живот и економската положба на граѓаните и во таа насока борба против говорот на омраза и корупцијата**.

*5.1. Иницијација на потребата од вмрежување на граѓанскиот сектор на сите нивоа во локалната заедница*

5.1.1. Истражувачко аналитички активности за утврдување на нивото на потребата од вмрежување и заедничко делување

5.1.2. Изработка на платформа за информирање за активности, настани и обуки кои ги засегаат младите од Струмица и Струмичкиот микро регион. Во склоп на платформата вметната дата база на организации од овој регион кои работат со млади со цел промоција и охрабрување на младинското учество во граѓанскиот сектор како и промоција на волонтерството.

*5.2. Омасовување на членството во сите граѓански здруженија во сите сфери на делување*

5.2.1. Зсилена комуникација со младите како примарна целна група како и останатите целни групи на граѓани заради нивно вклучување во програмските активности на здруженијата кои ги застапуваат нивните интереси

5.2.2. Организирање мини саеми односно отворени денови каде што организациие ќе имаат можност да ги промовираат нивните активности насочени кон младите и останатите групи граѓани со цел привлекување на нови членови и волонтери во организациите како и промоција на активно учество на младите во заедницата.

*5.3. Иницирање создавање нови младински организации и младински јадра*

5.3.1. Поддршка во создавање на нови младински организации во Струмица како и поттикнување на формирање младински јадра во постоечките организации и здруженија.

**Цел 6. Унапредување на демократските процеси на локално и национално ниво во рамките на промоцијата, застапувањето и лобирањето согласно потребите на граѓаните.**

*6.1. Афирмација и остварување на основните човекови права и слободи*

6.1.1. Поддршка на младинска кампања за афирмација на основните човекови права и слободи.
6.1.2. Истражувачко аналитички активности за утврдување на степенот на почитување на човековите права и слободи
6.1.3. Улични активности организирани од млади (делење на флаери, герила акции, artivisam и т.н.)

*6.2. Подобрување на општествената положба на граѓаните, особено на младите*

6.2.1. Засилено влијание на граѓанскиот сектор во сите сфери на општественото живеење
6.2.2. Зајакнување на младинското учество и промоција на инклузивни практики за дијалог со институциите.

*6.3. Промовирање на претприемништвото и младински полити меѓу младите*

6.3.1. Организирање на дебата со заегнатите страни (ЕЛС, релевантните министерства, Агенцијата за вработување, образовните институции, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор во процесот на утврдување на образовните профили и во таа насока развојот на претприемништвото, особено кај младите
6.3.2. Организрање на средби и состаноци со Совет на Млади Струмица зарди унапредувањето на младинските политики на локално ниво

*6.4. Афирмација и промоција на европските вредности и политики во функција на новите демократски процеси во локалната заедница и државата*

6.4.1. Организирање на настани и работилници за промоција на ЕУ вредностите
6.4.2. Организирање размени на млади со млади од Европа со цел размена на добри практики за учество на млади во демократските процеси на локално и национално ниво.

*6.5. Афирмација и учество во решавањето и справувањето со социјалните и економските проблеми на ранливите оптшествени групи*

6.5.1.Мотивација на здруженијата на граѓани кои ги застапуваат интересите на ранливите категории на граѓани за јавно прозборување на нивните проблеми во рамките на извршените истражувачко аналитички активности на здружението од нивен интерес.

*6.6.Афирмација на потребата од промена на културните и спортски навики кај граѓаните, особено кај младите*

6.6.1.Организирање на активности и јавна дебатасо  здруженијата на граѓани од областа накултурата и спортот за потребата од менување на навиките кај граѓаните вофункција на новите општествени демократски текови.
6.6.2. Учество во активности и поддршка на здруженијата кои работат во областа на културата и спортот со цел афирмирње на истите кај младата популација

*6.7. Афирмација на потребата од здрава животна средина*

6.7.1. Организирање активности во соработка со  здруженијата на граѓани од областа на животната средина како и поддршка во иницирање јавни дебати за потребата од влијание на локалните и националните политики во процесот на обезбедување здрава животна средина за сите.

# Активности и очекувани резултати

***Стратешка Цел (столб)1. Институционално и програмско јакнење на НОВУС Струмица***

| **Конкретна цел 1.1.**<br>Внатрешна реорганизација и трансформација на Здружение на граѓани Центар за истражување и анализи НОВУС Струмица<br>**Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1. Формирање на органи и тела<br>1.1.2. Проширување на тимот за имплементација<br>1.1.3. Зголемување на бојот на членови и волонтери | Август - Декември 2020 | Раководен тим | Финансиски / Човечки ресурси | ЦИА НОВУС | -Одлуки на собрание за формирање на органи и тела<br>-Обучени двајца млади за раковорење со проектен циклус организациско работење<br>-Бројот на членови на здружението е зголемен за 5%<br>-Одлуки на Собрание кои ги регулираат надлежностите и обврските |

| **Конкретна цел 1.2.**<br>Селекција на нови членови преку утврдени критериуми и пополнување на апликација<br>**Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.1. Креирање на on line платформа за апликации за членство во организацијата<br>1.2.2. Анализа на апликациите и утврдување на членството | Септември – Декември 2020 | Тим за имплементација | Финансиски и човечки | ЦИА НОВУС преку проектни активности | -Креирана и објавена платформа за on line апликација во склоп на веб страна на здужението<br>-Прибрани и анализирани апликации-пријави<br>-Потпишани пристапници<br>-Утврдено ново членство |

| **Конкретна Цел 1.3.**<br>*Изготвување на потребни Стратешки документи*<br>**Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.3.1. Спроведување на процес за креирање на дополнителни стратешки документи (комуникациска стратегија и етички кодекс)<br>1.3.2. Јавна објава на стратешките документи на веб страната на здружението www.associationnovus.org | Октомври 2020 – Јануари 2021 | Тим за имплементација<br>Надворешна логистика | Финансиски и човечки | ЦИА НОВУС преку проектни активности | -Креирани стратешки документи (комуникациска стратегија и етички кодекс)<br>-Видливи документи на веб страната на здружението |

| **Конкретна цел 1.4.** *Обука за јакнење на капацитети на раководните лица, членовите и волонтерите на здружението и утврдување на права и обврски* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.4.1. Организирање на обука за јакнење на интерните капацитети на расположивиот човечки ресурс на здружението со логистика од стручни и компетентни лица<br>1.4.2. Организирање обуки на нови млади членови и волонтери за јакнење на нивните капацитети за проектен менаџмент како и поддшка на активности и иницијативи на млади на локално ниво.<br>1.4.3. Организирање наменски обуки за работните тимови, членството и волонтерите во Здружението по барање на истите со цел зголемување на нивните вештини и компетенции. | Јануари - Март 2021 | Извршен директор<br>Тим за имплементација | Финансиски и човечки | ЦИА НОВУС преку проектни активности | - Одржана една обука за организациско раководење и работа на достапните човечки ресурси во здружението<br>- Одржана обука на 10 млади членови и волонтери на здружението за раководење со проектен циклус и менаџмент.<br>-Поддржана една локална младинска иницијатива.<br>- Организирана една наменска обука по барање на членството, работните тимови и волонтерите во организацијата.<br>-Извештаи за напредокот и достигнувањето |

## *Стртешка цел (Столб)2 Зголемување на кредибилитетот и довербата на јавноста во ЗГ ЦИА НОВУС и целокупниот граѓански сектор како фактор и корективна властите*

| **Конкретна цел 2.1** *Зголемено присуство на Здружението и целокупниот граѓанскиот сектор на локалните медиуми и портали* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.1 Создавање можности во медиумскиот простор за гостување на граѓанските организации од сите сфери на делување | Континуирано во периодот од 2020-2022 | Извршен директор<br>Тим за имплементација | Финансиски и човечки | НОВУС Финансиска поддршка од Медиумските куќи | -Обезбеден медиумски простор(зголемен број на покани<br>-Зголемен број на прилози и тематски емисии со Г.С.<br>(медиумски записи-објави) |

| **Конкретна цел 2.2.** *Раздвижување на Граѓанскиот сектор на локално ниво* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.1. Создавање на можности и услови за средби и состаноци помеѓу граѓанскиот сектор на месечно и кваратално ниво | Континуирано во периодот од 2020-2022 | Извршен директор<br>Тим за имплементац | Финансиски и човечки | НОВУС<br>Проектни активности<br>Партнери | -Одржани состаноци минимум 6 состаноци<br>-Списоци на присутни<br>-Медиумска покриеност<br>-Записници и извештаи за напредокот и достигнувањето |

***Стратешка Цел(столб) 3. Зголемување на кредибилитетот и меѓусебната довербата, помеѓу ЗГ ЦИА НОВУС Струмица, целокупниот граѓански сектор, институциите и останатите релевантни општествени чинители.***

| **Конкретна цел 3.1.**<br>Зајакнување на постоечките партнерства и градење на нови партнерства<br>**Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.1. Создавање на услови и мотивација за потпишување на меморандуми за соработка на сите нивоа помеѓу граѓанскиот сектор и останатитечинители | Континуирано во периодот од 2020-2022 | Извршен директор<br>Тим за имплементација<br>волонтери | човечки | / | -Потпишани 6 морандуми за соработка<br>-Потпишани 6 договори за поддршка и соработка<br>- Записници од состаноци и средб |

| **Конкретна цел 3.2.**<br>*Подигнување на нивото на промоција на заедничката соработка во контекст на партнерствата*<br>**Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.1. Кампања за јавна промоција на партнерствата<br>3.2.2. Истражувачко аналитички активности за утврдување на нивото на соработка | 2021 | Извршен директор<br>Тим за имплементација<br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС преку проектни активности | -Истражувачко-Аналитички извештаи за степенот на соработката и меѓусебната поддршка<br>-Записници и изјави од јавни настани<br>-Медиумска верификација |

| **Конкретна цел 3.3.**<br>Иницирање партнерства и вклучување во младински мрежи на национално и Европско ниво<br>**Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.1 Учество и вмрежување во поголеми национални мрежи на граѓански организации кои работат со млади како и останати граѓански организации и склучување меморандуми за соработка.<br>3.3.2 Учество во активности и вмрежување и воспоставување соработка со младински и останати граѓански организации на меѓународно ниво. | Континуирано 2020-2022 | Изв. директор<br>Тим за имплемента ц<br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС преку проектни активности | -Приклучување во една поголема мрежа на организации кои работа со млади на национално ниво.<br>-Приклучување во една поголема мрежа на организации на меѓународно ниво.<br>-Подпишани 5 меморандуми за соработка со младински и останати организации на меѓународно ниво на годишно ниво. |

***Стратешка Цел(столб) 4. Зголемување на нивото на партиципативно учество на ЗГ ЦИА НОВУС Струмица и целокупниот граѓански сектор во процесот на креирање и имплементирање на политиките на властите и во таа насока донесувањето на одлуките.***

| **Конкретна цел 4.1.** *Мотивација на граѓанскиот сектор за вклучување во креирањето и имплементирањето на локалните политики* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.1. Истражувачко аналитички активности за утврдување на нивото на партиципативност на граѓанскиот сектор во процесот на креирање и имплементирање на политиките на властите | Континуирано 2020-2022 | Извршен Директор<br>Тим за имплементација<br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС преку проектни активности | -Истражувачко-Аналитички извештаи за нивото на вклученос на Г.С. во политиките на властит<br>-Записници и изјави од јавни настани<br>-Медиумска верификација |


| **Конкретна цел 4.1.** *Мотивација на граѓанскиот сектор за вклучување во креирањето и имплементирањето на локалните политики* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.1. Истражувачко аналитички активности за утврдување на нивото на партиципативност на граѓанскиот сектор во процесот на креирање и имплементирање на политиките на властите | Континуирано 2020-2022 | Извршен Директор<br>Тим за имплементација<br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС преку проектни активности | -Истражувачко-Аналитички извештаи за нивото на вклученос на Г.С. во политиките на властит<br>-Записници и изјави од јавни настани<br>-Медиумска верификација |


***Стратешка Цел(столб) 5. Зголемувањето на граѓанската солидарност во рамките на вмрежувањето на граѓанскиот сектор во процесот на унапредување на квалитетот на живот и економската положба на граѓаните и во таа насока борба против говорот на омраза и корупцијата.***

| **Конкретна цел 5.1.** *Иницијација на потребата од вмрежување на граѓанскиот сектор на сите нивоа во локалната заедница* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.1.1. Истражувачко аналитички активности за утврдување на нивото на потребата од вмрежување и заедничко делување<br>5.1.2. Изработка на платформа за информирање за активности, настани и обуки кои ги засегаат младите од Струмица и Струмичкиот микро регион. Во склоп на платформата вметната дата база на организации од овој регион кои работат со млади со цел промоција и охрабрување на младинското учество во граѓанскиот сектор како и промоција на волонтерството. | 2021-2022 | Извршен Директор<br>Тим за имплементација<br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС преку проектни активности | -Истражувачко-Аналитички извештаи за потребата од вмрежување<br>-Записници и изјави од јавни настани<br>-Медиумска верификација<br>-Изработена и презентирана датабаза на организации кои работат со млади<br>-Изработена и промовирана платформа за информирање на младите за настани и обуки во Струмичкиот микро регион |

| **Конкретна цел 5.2.** *Омасовување на членството во сите граѓански здруженија во сите сфери на делување* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.2.1. Зсилена комуникација со младите како примарна целна група како и останатите целни групи на граѓани заради нивно вклучување во програмските активности на здруженијата кои ги застапуваат нивните интереси<br><br>5.2.2. Организирање мини саеми односно отворени денови каде што организацијие ќе имаат можност да ги промовираат нивните активности насочени кон младите и останатите групи граѓани со цел привлекување на нови членови и волонтери во организациите како и промоција на активно учество на младите во заедницата. | Континуирано 2020-2022 | Извршен Директор<br><br>Тим за имплементација<br><br>волонтери | човечки | НОВУС преку проектни активности<br><br>Партнерства | -Записници од остварени средби и состаноци.<br>-Организиран еден мини саем/отворен ден на годишно ниво.<br>-Здруженијата присутни на отворените денови го зголемиле своето членство или добиле млад волонтери.<br>-Младинското учество во граѓанскиот сектор во Струмичкио микро регион забележува раст од 5% годишно. |

| **Конкретна цел 5.3.** Иницирање создавање нови младински организации и младински јадра **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.1. Поддршка во создавање на нови младински организации во Струмица како и поттикнување на формирање младински јадра во постоечките организации и здруженија. | Континуирано 2020-2022 | Извршен Директор<br><br>Тим за имплементација<br><br>волонтери | човечки | НОВУС<br><br>Партнерства | -Записници од остварени средби и состаноци.<br>-Формирани младински јадра во 3 локални организации |

***Стратешка Цел(столб) 6. Унапредување на демократските процеси на локално и национално ниво во рамките на промоцијата, застапувањето и лобирањето согласно потребите на граѓаните***

| **Конкретна цел 6.1.** *Афирмација и остварување на основните човекови права и слободи.* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.1.1. Поддршка на младинска кампања за афирмација на основните човекови права и слободи.<br>6.1.2. Истражувачко аналитички активности за утврдување на степенот на почитување на човековите права и слободи<br>6.1.3. Улични активности организирани од млади (делење на флаери, герила акции, artivisam и т.н.) | Континуирано 2020-2022 | Извршен Директор<br><br>Тим за имплементација<br><br>волонтери | Финнсиски и човечки | НОВУС преку проектни активности | -Записници од остварени средби и состаноци<br>-Истражувачко-Аналитички извештаи за нивото на почитување на човековите права<br>-Записници и извештаи за достигнувањето и напредокот<br>-Медиумска верификација<br>-Поддржани 3 улични младински активности на годишно ниво.<br>-Поддржана една младинска кампања за афирмација на основните ч.п. на годишно ниво. |

| **Конкретна цел 6.2.** *Подобрување на општествената положба на граѓаните, особено на младите* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.2.1. Засилено влијание на граѓанскиот сектор во сите сфери на општественото живеење<br><br>6.2.2. Зајакнување на младинското учество и промоција на инклузивни практики за дијалог со институциите. | Континуирано 2020-2022 | Извршен Директор<br><br>Тим за имплементација<br><br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС и партнерските Организации преку проектни активности | -Учество во јавни настани<br>-Учество во дебати и тркалезни маси<br>-Учество во емисии<br>-Записници од остварени средби со институциите на системот<br>-Реакции и дописи до институциите на системот<br>- Извештаи од истражувачки и аналитички активности во рамки т<br>на одредени заклучоци и состојби<br>-Прилози и објави на веб страници, медиуми, портали и социјални мрежи |

| **Конкретна цел 6.3.** *Промовирање на претприемништвото и младински полити меѓу младите,* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.3.1. Организирање на дебата со заегнатите страни (ЕЛС, релевантните министерства, Агенцијата за вработување, образовните институции, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор во процесот на утврдување на образовните профили и во таа насока развојот на предприемништвото, особено кај малдите<br><br>6.3.2. Организрање на средби и состаноци со Совет на Млади Струмица заради унапредувањето на младинските политики на локално ниво | Два пати годишно 2021-2022 | Извршен Директор<br><br>Тим за имплементација<br><br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС и партнерските Организации преку проектни активности и друг вид финансиска поддршка | -Записници од остварени средби и<br>состаноци<br>-Извештаи за напредокот и достигнувањата<br>-Прилози и објави на веб страници, медиуми, портали и социјални мрежи<br>- Медумска верификација |

| **Конкретна цел 6.4.** *Афирмација и промоција на европските вредности и политики во функција на новите демократски процеси во локалната заедница и државата,* **Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.4.1 Организирање на настани и работилници за промоција на ЕУ вредностите<br><br>6.4.2. Организирање размени на млади со млади од Европа со цел размена на добри практики за учество на млади во демократските процеси на локално и национално ниво. | Континуирано 2020-2022 | Извршен Директор<br><br>Тим за имплементација<br><br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС<br><br>преку проектни активности | -Организирање годишно една младинска размена на локално ниво.<br>-Учество во најмалку три младински размени во Европа на годишно ниво.<br>-Одржување на работилници после секоја младинска размена со цел учесниците да ги споделат<br>добрите практики во локалната заедница.<br>-Организирање една работилница<br>годишно за евалуација и доближување и промоција на ЕУ вредностите. |

| **Конкретна цел 6.5.**<br>*Афирмација и учество во решавањето и справувањето со социјалните и економските проблеми на ранливите општествени групи*<br>**Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.5.1.Мотивација на здруженијата на граѓани кои ги застапуваат интересите на ранливите категории на граѓани за јавно прозборување на нивните проблеми во рамките на извршените истражувачко аналитички активности на здружението од нивен интерес. | Континуирано<br>2020-2022 | Извршен Директор<br>Тим за имплементација<br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС<br>преку проектни активности | -Извештаи од изстражувачко аналитички активности за утврдени состојби<br>-Записници од остварени средби, состаноци и настани<br>-Извештаи за напреодокот и достигнувањата<br>-Прилози и објави на веб страници, медиуми, портали и социјални мрежи |

| **Конкретна цел 6.6.**<br>*Афирмација на потребата од промена на културните и спортски навики кај граѓаните, особено кај малдите*<br>**Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.6.1. Организирање на активности и јавна дебата со здруженијата на граѓани од областа на културата и спортот за потребата од менување на навиките кај граѓаните во функција на новите општествени демократски текови.<br>6.6.2. Учество во активности и поддршка на здруженијата кои работат во областа на културата и спортот со цел афирмирње на истите кај младата популација | Еднаш годишно во 2020-2022 | Извршен Директор<br>Тим за имплементација<br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС<br>преку проектни активности<br>Партнери | -Записници од остварени средби, состаноци<br>-Извештаи за напреодокот и достигнувањата<br>-Прилози и објави на веб страници, медиуми, портали и социјални мрежи<br>-Организирана една јавна дебата годишно |

| **Конкретна цел 6.7.**<br>*Афирмација на потребата од здрава животна средина*<br>**Активност/и** | **Термин на реализација** | **Одговорно лице/тим** | **Потребни ресурси** | **Од каде би се обезбедил буџетот?** | **Индикатори и резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.1.1. Организирање активности во соработка со здруженијата на граѓани од областа на животната средина како и поддршка во иницирање јавни дебати за потребата од влијание на локалните и националните политики во процесот на обезбедување здрава животна средина за сите. | Еднаш годишно во 2020-2022 | Извршен Директор<br>Тим за имплементација<br>волонтери | Финансиски и човечки | НОВУС<br>преку проектни активности<br>Партнери | - Записници од остварени средби, состаноци<br>-Извештаи за напреодокот и достигнувањата<br>-Прилози и објави на веб страници, медиуми, портали и социјални мрежи<br>-Организирана една јавна дебата годишно |

# Потребни ресурси, извори на финансирање и спроведување на двогодишниот стратешки план

## Предвидени и планирани финансиски средства

- За реализација на стратешкиот двогодишен план, потребно е да се обезбедат доволно финансиски ресурси за навремена реализација на активностите планирани во истиот како би можеле да ги постигнеме очекуваните резултати и во таа насока исполнувањето на специфичните цели, главните Стратешки цели кои со сигурност ќе ги потврдат и општите цели на здружението за да пред јавноста потврдиме исполнување на визијата и мисијата на здружението. Потребните ресурси во иднина ЗГ ЦИА НОВУС ќе се стреми да ги обезбеди од домашни и надворешни извори во рамките на аплицирани и одобрени проекти или како друг вид на финансиска поддршка од партнерите.

## Потребни човечки ресурси за спроведување на програмата

- За да се овозможи соодветно раководење со процесот на спроведување на двогодишниот план, редовно следење на спроведувањето, ревидирање и надградување на планот, и обезбедување на финансиски средства, потребно е до екипирање на расположивиот човечки ресурс на ЗГ ЦИА НОВУС од Струмица со нов персонал согласно потребата. Покрај извршниот директор, тимот за имплементација со вклученост на волонтерите и заинтересираните членови на здружението и партнерите во овој процес ќе се вклучуваа и дополнителен човечки ресурс согласно потребата со одлука на Извршен Директор. Одговорноста е на клучниот одговорен персонал.

## Следење и оценка на Стратешкиот двогодишен план

- За успешно и доследно спроведување на Стратешкиот двогодишен план ќе се спроведе соодветен мониторинг во периодот кој го покрива овој документ, како и оценка на достигнувањата во секоја година. За таа цел ќе се формира работна група раководена од Извршниот Директор, за да го следат текот и динамиката на спроведувањето на овој Стратешки план и во таа насока правилното финансиско работење. Оваа работна група ќе изготвува и поднесува извештај до Организацијата која обезбедува финансиска поддршка како и за членовите на здружението. Дополнително мониторингот на спроведувањето на годишните програми на активности на здружението во кои ќе се реализираат и остваруваат стратешките цели, континуирано ќе го врши ЗГ ЦИА НОВУС Струмица тековно за секоја година. Ќе ги следи текот на реализацијата на предвидените активности и ќе врши евалуација на зацртаните цели квартално, со подготовка на извештаи, кои ќе содржат информации за прогресот и успехот на имплементација, како и заклучоци и препораки во функција на ефективно и ефикасно спроведување на планот. За следење на активностите се утврдени индикатори преку кои се мери степенот на остварување на целите како и извори на верификација, во рамки на деталниот план на активности кој што е во прилог на стратешкиот план.

# Swot анализа на ЗГ ЦИА НОВУС Струмица

## СИЛНИ СТРАНИ *Strengths*

- Добра соработка со локалната самоуправа како партнер во реализација на заеднички проекти;
- Организацијата располага со човечки ресурси кои имаат лобирачки способности и изградени релации до одредени чинители;
- Препознатливост на организацијата и добра позиционираност во регионот и во национални рамки во областа на донесување одлуки на локално и национално ниво на младински политики и истражување поврзани со отчетност и транспаретност во работење на локални самоуправи, човекови права, и реформи во судството;
- Присутност на организацијата на социјалните мрежи и постоење на активна веб страна каде може да се видат дел од проектите, и јасна визуелизација;
- Организацијата располага со одредена база на податоци од релевантни истражувања кои можат да бидат искористени и за други студии и програми;
- Организацијата располага со човечки ресурси од областа на истражување на младински политики, човекови права, транспарентност и отчетност, реформи во судството;
- Организацијата има свој канцелариски простор неопходен во вршењето на своите секојдневни обврски и истражувања.

## СЛАБИ СТРАНИ *Weaknesses*

- Видливост на организацијата во политички активности – треба да направи јасна дистинкција помеѓу граѓанско и политичко делување т може да доведе до лош имиџ на организацијата;
- Слаба соработка на организацијата со останатите организации на локално ниво – еднострана релација;
- Организацијата нема капацитети и искуство во имплементација на проекти од Европски Фондови и др. интернационални донатори, диверзификација на фондови;
- Организацијата нема внатрешна организациона структурираност, допрва треба да работи на тоа;
- Визијата и мисијата на организацијата не се многу јасно дефинирани и проектните активности треба да служат за нивно исполнување – видливо мало скршнување и мешање со целите на организацијата;
- Организацијата не е финансиски стабилна (одржлива и самоодржлива) и нејзината оперативност зависи од донации;
- Организацијата нема подготвено стратегија за развој на човечки ресурси и дел од капацитетите со кои располага организацијата им е како секундарна работа (потребна е постојаност и долгорочно градење на капацитети);
- Немање на јасна слика кој е лидер на организацијата, потребна е поголема видливост на лидерот;
- Проектите на организацијата не се базираат на исполнување на потребите на целните

## МОЖНОСТИ *Opportunities*

- Можност за соработка со странски и домашни институции и граѓански организации – да соработуваат во заеднички проекти и да аплицираат пред интернационални фондови;
- Можност за продлабочување на соработката со локалната самоуправа во делот на исполнување на младинските политики и носење на одлуки на локално и национално ниво;
- Можност за користење на дел од човечкиот потенцијал за едукативни активности, работилници и др. во делот на човековите права и младинскиот активизам и сл. поврзани со целите на организацијата;
- Можност за внесување на нови трендови и практики во организацијата преку отворени интернационални програми за internships;
- Можност за подобрување на финансиската одржливост на институцијата преку вршење на истражување и прераснување на здружението во тинк-танк организација;
- Можност за активно учество во Европски и регионални мрежи во делот на младинското работење и активизам;
- Можност за зголемување на финансиската одржливост на институцијата преку аплицирање проекти пред други донатори (mixed fundraising);

## ЗАКАНИ *Threats*

- Засенување на организацијата од независниот сектор кој врши слични вакви активности во полето на човековите права и младинскиот активизам;
- Политичка и економска нестабилност во државата и која придонесува кон миграција на младото население што претставува потенцијал за иден развој на организацијата;
- Недостиг на финансиски средства за реализација на програмски активности;
- Неразвиена легислатива и други правни акти која ја подобрува соработката со носителите на одлуки на локално ниво;
- Притисок од партиско влијание врз работењето на организацијата што може да доведе до негативен имиџ во јавноста;
- Недоследност во имплементирањето на стратешките документи – локални и национални од кои зависи оперативноста на организацијата и стратешка поставеност ;